РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr. 12-3835/4
17-12-2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на чл. 22 и чл. 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), а согласно со чл. 40 ст. 2 и чл. 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава добиена од познат подносител, на 57-та седница одржана на 17.12.2021 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата на /// доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-3835/1 од 08.08.2019 година, **СЕ ОТФРЛА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека друг орган е надлежен да постапува по наводите од пријавата на подносителот и пријавата да се достави на надлежно постапување до истиот.

Предметот со број 12-3835 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението во деперсонализирана форма, да се објави на нејзината веб страница во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-3835/1 од 08.08.2019 година во Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК) е оформен врз основа на добиена пријава од /// (во понатамошниот текст: подносителот).

Во пријавата подносителот изразува незадоволство од дивата сеча на немаркирани дрва во ///, од страна на негови сограѓани. Посочува дека така исечените дрва потоа се препродавале во околината на ///. Од ДКСК бара да преземе мерки против неговите сограѓани кои ја вршат дивата сеча. Докази кон пријавата не се доставени.

По разгледување на пријавата, ДКСК утврди дека наводите во предметниот случај се однесуваат на околности кои укажуваат на недозволиво дејствие на граѓани – дива сеча на немаркирани дрва, а кои немаат својство на службени лица согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 12/19). Имено, чувањето на шумите е во надлежност на шумската полиција, која согласно со Законот за шумите ("Службен весник на Република Северна Македонија" број 58/06 ... 96/19) е надлежна да презема мерки и дејствија во врска со кривични дела поврзани или кои се однесуваат на шумите, вклучувајќи ја и дивата сеча на немаркирани дрва. Оттаму ДКСК констатира дека по наводите во пријавата на подносителот треба да постапува друг орган, ДКСК нема законска надлежност за постапување во предметниот случај, пријавата да се отфрли и предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- Архивата на ДКСК
- Подносителот на пријавата

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил: м-р Д. Д.
Одобрил: Г. Т., член на ДКСК